Република Македонија
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ
Битола
ПРИМЕНО: 07.03.2016

| Организациона единица | Број | Прилози | Вредност |
|---|---|---|---|
| 01 | 124/2 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 12-83/3
23.02.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15 ), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5. седница одржана на 25.01.2016 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Преведување (од македонски јазик на германски јазик и од германски јазик на македонски јазик)“, прв циклус студии на Педагошки факултет Битола при универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола**

1. Се акредитира студиска програма **„Преведување (од македонски јазик на германски јазик и од германски јазик на македонски јазик)“, прв циклус студии на Педагошки факултет Битола при универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран преведувач (од македонски јазик на германски јазик и од германски јазик на македонски јазик),** Научно - истражувачко подрачје: Хуманистички науки, научно - истражувачко поле: Наука за јазик, научно - истражувачка област: Преведување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Педагошки факултет Битола за организирање прв циклус студиска

програма „Преведување (од македонски јазик на германски јазик и од германски јазик на македонски јазик)“, на 08.05.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 3. седница одржана на 12.01.2016 година, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 5. седница одржана на 25.01.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков

Република Македонија
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ
Битола
ПРИМЕНО: 07.03.2016
Организациона единица 01 | Број 124/1 | Прилози | Вредност

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-83/2
23.02.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5. седница одржана на 25.01.2016 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Преведување (од македонски јазик на англиски јазик и од англиски јазик на македонски јазик)", прв циклус студии на Педагошки факултет Битола при универзитет „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Се акредитира студиска програма **„Преведување (од македонски јазик на англиски јазик и од англиски јазик на македонски јазик)", прв циклус студии на Педагошки факултет Битола при универзитет „Св. Климент Охридски" Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран преведувач (од македонски јазик на англиски јазик и од анлиски јазик на македонски јазик),** Научно - истражувачко подрачје: Хуманистички науки, научно - истражувачко поле: Наука за јазик, научно - истражувачка област: Преведување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Педагошки факултет Битола за организирање прв циклус студиска програма „Преведување (од македонски јазик на англиски јазик и од анлиски јазик на македонски јазик)“, на 08.05.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 3. седница одржана на 12.01.2016 година, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 5. седница одржана на 25.01.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков

0101
-Пр.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-590
06-05-2016 година
СКОПЈЕ

Република Македонија
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ
Битола
ПРИМЕНО: 05. 09. 2016
01 374/1

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15 и 30/16), министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Преведување од македонски јазик на англиски јазик и од англиски јазик на македонски јазик и Преведување од македонски јазик на германски јазик и од германски јазик на македонски јазик на Педагошкиот факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Преведување од македонски јазик на англиски јазик и од англиски јазик на македонски јазик и Преведување од македонски јазик на германски јазик и од германски јазик на македонски јазик на Педагошкиот факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола се обрати со барање бр. 08-393/2 од 10.03.2016 година, доставена до Министерство за образование и наука под УП1 бр. 590 од 24.03.2016 година, за исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Преведување од македонски јазик на англиски јазик и од англиски јазик на македонски јазик и Преведување од македонски јазик на германски јазик и од германски јазик на македонски јазик на Педагошкиот факултет, акредитирана од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, со решение бр. 12-83/2 од 23.02.2016 година.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-590 од 25.03.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа за горенаведената студиска програма.

Комисијата на ден 27.04.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-590 од 28.04.2016 година, каде е наведено дека за студиска програма од од прв циклус четиригодишни студии по Преведување од македонски јазик на англиски јазик и од англиски јазик на македонски јазик и Преведување од македонски јазик на германски јазик и од германски јазик на македонски јазик на Педагошкиот факултет во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
- Примач
-Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити